## Ризик од промена на каматна стапка

**Показатели:** **1.Рочност на портфолио**

| | |
|---|---|
| Датум | 31.12.2023 |
| Рочност на портфолио (во години) | 11,71 |

Агенцијата утврди дека постои високо ниво на ризикот од промена на каматните стапки. Рочноста на портфолиото на задолжителните пензиски фондови во 2023 година изнесува 11,71 години што значи намалување  во однос на 2021 година. Сепак се задржува високото ниво на изложеност на промента на каматата стапка бидејќи во услови на раст на каматните стапки, се зголемува значењето на ризикот од промена на каматните стапки поради можните загуби на економската вредност на портфолиото на должнички хартии од вредност што произлегува од државните хартии од вредност што се мерат по амортизирана набавна вредност.
Голем дел од портфолиото на должнички финансиски инструменти на задолжителните пензиски фондови се мерат по амортизираната вредност и следствено, промените на пазарните каматни стапки не се одразуваат непосредно врз нивното вреднување.




**Методологија и податоци:**

За оценка на овој ризик Агенцијата усвои параметар рочност на портфолиото на задолжителните пензиски фондови и истиот го претставува просечното време на исплаќање на паричните текови на обврзниците и се мери во години. Овој индикатор зависи од каматната стапка и времето на поединечните парични текови. Промената на каматната стапка има позначајно влијание на инвестициите со подолг рок во однос на инвестициите со пократок рок.